Г Р А Д   С К О П Ј Е

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи

ПРЕТСТАВНИК: Раководител на Сектор
за комунални работи

ПОВЕРЕНИК: Раководител на Одделение

**П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А**
**за субвенционирање на**
**ЈП ЛАЈКА – Скопје**

**Скопје, декември 2025 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), а во врска со член 8-б од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија “ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 , 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19 , 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на __.__.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за субвенционирање на**
**ЈП Лајка – Скопје**

Член 1

Со оваа Одлука Градот Скопје одобрува субвенционирање на ЈП Лајка – Скопје, во износ од 15.000.000,00 (петнаесетмилиони) денари наменети за потешкотии во работењето.

Член 2

Средствата за оваа намена се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број 27-
_________2025година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Даме Димитровски

# О б р а з л о ж е н и е

Со член 36 од Законот за локална самоуправа утврдена(„Службен весник на Република Македонија” број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), е надлежноста на Советот на Град Скопје.

Согласно член 8-б од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија “ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 , 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19 , 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) јавните претпријатија основани од страна на Градот Скопје, можат да добиваат финансиска помош, односно одредени финансиски поволности од страна на основачот.

Бидејќи јавното претпријатие не ги остварило своите приходи, во 2025 г., со оваа одлука предвидена е субвенција од 15.000.000,00 (петнаесетмилиони) денари. Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Град Скопје за 2026 година, преку ставката наменета за потешкотии во работењето, од причина што јавното претпријатие се наоѓа во незавидна економска состојба, па согласно на тоа овие средства ќе допринесат за извесна материјална консолидација на јавното претпријатие.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за субвенционирање на ЈП Лајка – Скопје.